**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

**-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5654 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

За десетте дена од 1 до 10 ноември, методолошки се селектирани вкупно – 3 часа 48 минути и 4 секунди, што опфаќаат новинарски вести и извештаи, и експертски гледишта за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми.

И во овој период, доминантно место во вестите од 18 часот заземаа информативните прилози чија содржина произлегува од настани со пошироко општествено значење низ повеќенеделен континуитет – на пример: следење на роковите што му беа отстапени на комбинатот „Југохром“ или за поставување филтри или за гаснење на печките, при што новинарски беа презентирани релевантни ставови на сите засегнати страни: Државниот инспекторат за животна средина, раководството на Комбинатот, Синдикатот на вработените, и од раководните структури на локалната самоуправа од Тетово. Информативен интерес – преку извештаи од прес-конференции, беше покажан и за разврската на правно -политичките контроверзи произлезени од сообраќајните прекршоци направени од Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, а продуцираните новинарски прилози ја проследуваат официјалната верзија на Министерството за внатрешни работи, реакцијата на Министерството за труд и социјална политика, личната верзија на дополнителниот заменик-министер Спасов, и партиските реакции, без какви било шпекулации во врска со настанот.

Редовно се известуваше за судските рочишта од случаите - „Пуч“/„Тврдина“/„Трезор“/„Тендери“, поврзани со истражните постапки преземени од Специјалното јавно обвинителство во прилог на аферата „Прислушкување“, но и за судскиот процес во врска со кумановскиот случај „Диво население“. Во овој тематски контекст, преку опширни извештаи беше известувано и за спорот меѓу Општина Центар и инвеститорот што доградил два ката врз зграда од центарот на Скопје, како и за жалбата поднесена во однос на случајот „Детонатор“ во кој се обвинети 15 поранешни вработени во МВР.

Прес-конференциите и соопштенијата од Државната изборна комисија, како централен орган за организација на изборниот процес, содржински беа поврзани со отворањето јавен увид во избирачкиот список, начините по кои ќе гласа дијаспората, регистрацијата на спорните гласачи, како и за најавениот мониторинг-ангажман на ОБСЕ/ОДИХИР. Во однос на домашните граѓански иницијативи за мониторинг на предизборието во прилог на одржување високи стандарди во демократската изборна процедура, во Дневникот се презентирани поенти од експертската конференција организирана од невладината организација „Мост“ – за потребите и за начините по кои е неопходно да се изведе поделбата на државниот апарат од влијанието на политичките партии, потоа од промотивната прес-конференција за прирачникот - „Ние сме медиумите - за граѓанско новинарство“, изработен од НВО „Цивил“, и од извештајот што ги нотира македонските проблеми со владеењето на правото, изготвен од Институтот за европски политики. Проектот за отворено владино-граѓанско партнерство претставен е преку прилог за конференција организирана од УНДП и од Центарот за истражување и креирање политики, на која учество земале и владини претставници од Министерството за информатичко општество и администрација. Проследен е и почетокот од работата на новиот универзитет „Мајка Тереза“, а од активностите на министрите, најчесто се застапени Пиштар Љутфиу, министерот за образование и наука, и Арбр Адеми, министерот за евро-интеграции.

***Табела 1 - застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Влада на РМ | 00:19:29 | 8,54 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:27 | 4,15 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:22:59 | 10,08 | % |
| Судство | 00:10:24 | 4,56 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:49 | 0,80 | % |
| СДСМ | 00:10:40 | 4,68 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:01 | 2,64 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:47 | 2,98 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:19 | 0,58 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:03:41 | 1,62 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:46 | 4,28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:21 | 10,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:53 | 7,84 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:20 | 3,65 | % |
| АРМ | 00:00:52 | 0,38 | % |
| Други субјекти | 00:42:35 | 18,67 | % |
| Без субјекти | 00:09:01 | 3,95 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:55 | 0,84 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:02 | 0,45 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:19 | 4,09 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:02:31 | 1,10 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:54 | 0,83 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:40 | 0,30 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:15 | 0,55 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:44 | 0,32 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:20 | 0,58 | % |
| Привремена комисија | 00:00:34 | 0,25 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:39 | 0,29 | % |
| Либерална партија | 00:01:44 | 0,76 | % |
| | **Вкупно: 03:48:04** | **100** | **%** |

Во споредба со количината информации за теми што произлегуваат од различни домени на секојдневието и од проектните и протоколарните активности на државата со претставници на меѓународната заедница - за поединечните партиски активности е известувано релативно малку, преку вести, соопштенија и куси извештаи, а содржински таквите прилози најчесто се поврзани со листите на потенцијалните кандидати за пратеници, организираните партиски настапи на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ пред своето членство, изборните потенцијали на новите коалиции во албанскиот и во македонскиот политички блок, за предизборниот ривалитет СДСМ/ВМРО ДПМНЕ, и за средбите со странски дипломати и ЕУ-пратеници што ги оствариле некои од лидерите на политичките партии. Преку куси извештаи и извадоци од соопштенија, проследени се партиските активности (главно од СДСМ) против политиките на органите од државната управа, на јавните претпријатија или на министерствата, со контрареакција на прозваните за јавен став. Во прилог на проширена анализа за изборниот процес, во различни новинарски куси облици (изјава, разговор, поенти од актуелно-информативни емисии емитувани на МРТ2), емитувани се размислувања на политиколози и на аналитичари што следат посебни аспекти на изборниот процес што не се однесуваат стриктно на тековната меѓупартиската предизборна дебата.

Од економските теми, за издвојување се прилозите што ги прикажуваат владините, експертските ставови и гледиштата на бизнис заедницата (претставници на домашните стопански комори, индивидуални ставови на стопанственици и ставови на претставници од Македонската берза), во врска со височината на јавниот и на државниот долг, како и за стабилноста на банкарскиот систем и на бизнисот на осигурителните компании.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:03:26 | 5,15 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:30 | 5,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:59 | 5,97 | % |
| СДСМ | 00:03:06 | 4,65 | % |
| Беса | 00:01:38 | 2,45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:19 | 18,47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:14 | 9,35 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:00 | 3,00 | % |
| АРМ | 00:00:20 | 0,50 | % |
| Други субјекти | 00:15:53 | 23,81 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:32 | 0,80 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:21 | 0,52 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:23 | 5,07 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:34 | 2,35 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:30 | 3,75 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:30 | 0,75 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:52 | 1,30 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:21 | 2,02 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:24 | 2,10 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:34 | 0,85 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:48 | 1,20 | % |
| Либерална партија | 00:00:28 | 0,70 | % |
| | **Вкупно: 01:06:42** | **100** | **%** |

Актуелните настани и случувања од локалната самоуправа најчесто се поврзани со содржини од доменот на културата (*почеток на театарскиот „Скупи-фест"; почеток на фестивалот „Тетово празнува"*), инвестиции во инфраструктурата и ревитализација на одредени региони соочени со последици од природни непогоди (*најавата на Град Скопје за набавка на 50 електрични автобуси; реконструкцијата на ОУ „Култура" во село Матејче; ТИРЗ Тетово - пуштена во употреба „ЛЕАР", американската фабрика за автомобилски делови; Хасанбег - продолжуваат проблемите на населението и по исплатата на државната финансиска помош*).

Од настаните во доменот на културата, уметноста и науката, но не само оние што се организирани со репрезентациска функција, туку и оние што имаат значење за културната политика, за издвојување се прилозите за почетокот на научната конференција организирана од Исламската верска заедница, под наслов „80 години уставност на ИВЗ", потоа за бојкотот на ИВЗ и на СПЦ на Четвртата меѓурелигиска конференција, што се одржуваше во Битола во организација на Владата, како и за продлабочувањето на јазот помеѓу Министерството за култура и ЗАМП околу правата за емитување музика на автори од Република Македонија.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 1 ноември, во емисијата „Аргумент“ (20:30 часот), на тема: Вонпарламентарните партии на Албанците, нивните коалиции за настап на предвремените избори - реализирана е дебата помеѓу Зијадин Села од ДПА ДР, и аналитичарите Алберт Муслиу и Сефер Тахири. Водителката нагласува дека претставници на партијата Беса не се одѕвале на поканата.

На 8 ноември, во редовниот термин за истата емисија, на општо поставена тема – предизборие – дебатираат Билал Касами од партијата Беса, и новинарите Емин Аземи и Џелал Незири. Дебатата е репризирана на 9 ноември од 12 часот.

*Други информативни емисии*

На 3 и на 10 ноември, во емисијата „Бизнис плус“ направени се куси интервјуа со Фатмир Бутиќи, претставник на Стопанската комора од Северозападна Македонија, и со професорката по економија Мерале Фетаху, а воопшто, аудиовизуелната целина е составена магазински - од новинарски прилози чија тема е економската состојба и приоритетните потреби на домашните компании.

***Сектор за програмски работи***